**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ**
**„СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ОХРИД**

# К О Н К У Р С

**за запишување на студии од прв циклус**
**на студиските програми на Универзитетот за информатички науки и технологии**
**„Свети Апостол Павле“ Охрид**
**во учебната 2024/2025 година**

**Охрид, 2024**

Во согласност со член 149 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 82/2018. 178/21 и 58/24), Уредба со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник“ бр. 76/2020), Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование („Службен весник“ бр. 116/2020), член 346 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, член 13 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, Одлука на Ректорска Управа на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид бр. 02-235/2 од 19.03.2024 година и бр.02-461/3 од 12.07.2024 година и Одлуката на Владата на РСМ за бројот на студентите за запишување во прва година на јавните високообразовни установи во учебната 2024/2025 година, (бр. 41-5612/3 од 02.07.2024 година, Сл. Весник на РСМ бр. 142 од 09.07.2024 г. Исправка на Одлуката на Владата на РСМ за бројот на студентите за запишување во прва година на јавните високообразовни установи во учебната 2024/2025 година, (бр. 41-5612/7 од 10.07.2024 година, Сл. Весник на РСМ бр. 143 од 10.07.2024 г. и Одлука на Владата на РСМ за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во РСМ во прва година – прв циклус студии на јавните високообразовни установи во во учебната 2024/2025 година (бр. 41-5555/3 од 02.07.2024 година, Сл. весник бр. 142 од 09.07.2024 г.), Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, ул. Партизанска бб, Дом на АРМ, Охрид објавува

**К О Н К У Р С**
**за запишување на студии од прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле” Охрид во учебната 2024/2025 година**

## I. Број на студенти

На студиските програми од прв циклус студии на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле” Охрид, за кои се стекнува универзитетска диплома, во прва година во учебната 2024/2025 година, ќе се запише **следниов број студенти:**

| ФАКУЛТЕТИ/ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | Редовни во државна квота (200 ЕУР) | Редовни со кофинансирање (400 ЕУР) | Вонредни студенти (400 ЕУР) | Вкупен број на студенти по студиска програма | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ФАКУЛТЕТ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ И ИНЖЕНЕРСТВО** | | | | | |
| **Компјутерски науки и инженерство**<br>Тригодишни студии (180 ЕКТС) | 5 | 9 | 3 | **17** | **67** |
| **Компјутерски науки и инженерство***<br>Четиригодишни студии (240 ЕКТС) | 30 | 10 | 10 | **50** | |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И БЕЗБЕДНОСТ** | | | | | |
| **Комуникациски мрежи и безбедност**<br>Тригодишни студии (180 ЕКТС) | 7 | 10 | 5 | **22** | **72** |
| **Комуникациски мрежи и безбедност***<br>Четиригодишни студии (240 ЕКТС) | 30 | 10 | 10 | **50** | |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИМЕНЕТИ ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ, МАШИНСКА ИНТЕЛЕГЕНЦИЈА И РОБОТИКА** | | | | | |
| **Машинска интелигенција и роботика**<br>Четиригодишни студии (240 ЕКТС) | 9 | 10 | 8 | **27** | **27** |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ, ВИЗУЕЛИЗАЦИЈА, ДИГИТАЛНА МУЛТИМЕДИЈАЛНА И АНИМАЦИСКА ТЕХНИКА** | | | | | |
| **Информатички системи, визуелизација, дигитална мултимедијална и анимациска техника**<br>Тригодишни студии (180 ЕКТС)* | 15 | 10 | 5 | **30** | **58** |
| **Информатички системи, визуелизација, дигитална мултимедијална и анимациска техника**<br>Четиригодишни студии (240 ЕКТС) | 8 | 10 | 10 | **28** | |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ НАУКИ** | | | | | |
| **Дигитална бизнис аналитика**<br>**Четиригодишни студии (240 ЕКТС)*** | 40 | 20 | 20 | **80** | **80** |
| **УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ “СВ. АПОСТОЛ ПАВЛЕ”- ОХРИД** | **144** | **89** | **71** | **304** | **304** |

Студиските програми означени со (*) имаат акредитации, се во процедура за добивање на решение за почеток со работа.

## II. Услови и критериуми за запишување

1. Право на запишување на прв циклус студии на факултетите имаат

- Кандидати кои положиле државна матура во учебната 2023/2024
- Кандидати кои положиле државна или меѓународна матура

- Кандидати со завршено четиригодишно средно образование во претходните учебни години (пред учебната 2007/2008 година и во учебната 2019/2020 година) кои не полагале државна матура.
- Кандидати кои целосно или делумно завршиле средно четиригодишно образование во странство.

При пријавување на кандидатите за запишување на студиските програми на Универзитетот „Свети Апостол Павле“ Охрид во пријавните листови можат селективно да ги набележат своите три можни приоритетни избори на студиска програма од различни единици кои се во рамки на Универзитетот.

Пример: - Факултет А, студиска програма А, државна квота
- Факултет А, студиска програма А, кофинансирање
- Факултет Б, студиска програма Б, државна квота

**2.** Кандидатите се запишуваат како редовни студенти финансирани од државата и редовни студенти со кофинансирање на студиите.

На прв циклус студии на факултетите можат да се запишуваат и вонредени студенти со кофинансирање на трошоците за студирање.

На прв циклус студии на факултетите можат да се запишат и кандидати што имаат завршено високо или вишо образование на сродни факултети и виши школи. Овие кандидати се запишуваат надвор од квотата, најмногу до **10%** од вкупниот број редовни студенти на соодветниот факултет утврден во конкурсот.

Кандидатите од претходниот став се запишуваат според успехот од претходното образование и со кофинансирање на студиите како и кандидитатите од Глава V од конкурсот.

**3.** Доколку кандидатите не се примени во државната или квотата за школарина на студиската програма на којашто конкурирале, тие можат во истиот уписен рок да се запишат на друга студиска програма на која има слободни места по нивен избор во рамките на истата високообразовна единица.

**4.** Селекција на кандидатите ќе се врши **врз основа на успехот од средното образование**.

Вреднувањето на успехот на кандидатите се изразува во поени.

**4.1 За кандидатите кои го завршиле четиригодишното средно образование и положиле државна матура во учебната 2023/2024 година**

Општиот успех по сите предмети во средното образование учествува со 60%, а успехот постигнат на државната матура со 40% од вкупниот број на поени, којшто може да изнесува најмногу 100 поени.

**Бодирањето на општиот успехот од средното образование** се врши така што се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа можат да се добијат најмногу 60 поени.

**Бодирањето на успехот постигнат на државната матура** се врши на следниов начин: екстерните предмети, во зависност од постигнатиот успех при нивното полагање, ќе се бодираат најмногу со по 10 поени, интерните предмети, во зависност од постигнатиот успех при полагањето, најмногу со по 8 поени, а проектната задача, во зависност од постигнатиот успех, најмногу со 4 поени. Вкупниот успех од државната матура може да донесе најмногу 40 поени (20 поени од двата екстерни предмети, 16 поени од двата интерни предмети и 4 поени од проектната задача).

**Бодирањето на двата екстерни предмети** се врши така што оценката од секој екстерен предмет се собира со вредноста на перцентилниот ранг поделен со 20. Така добиениот збир се множи со коефициент 1 за соодветните предмети за студиската програма или со

коефициент 0,8 за несоодветните предмети за студиската програма. Добиените поени од двата екстерни предмети се собираат и по оваа основа може да се добијат најмногу 20 поени.

(пр: (5 + 100/20)*1 = 10 поени за соодветен предмет или (5 + 100/20) *0,8 = 8 поени за несоодветен предмет)

За соодветни предмети се сметаат само екстерните предмети што се наоѓаат на Листата на екстерни предмети, објавени во Прилог I кон Конкурсот.

**Бодирањето на двата интерни предмети** се врши така што оценката од секој интерен предмет се множи со коефициент 1,6 (за соодветен предмет за студиската програма) при што може да се освои најмногу 8 поени или со коефициент 1,2 (за несоодветен предмет за студиската програма), при што може да освои најмногу 6 поени. Добиените поени од двата интерни предмети се собираат и по оваа основа може да се добијат најмногу 16 поени. За соодветни предмети се сметаат само интерните предмети што се наоѓаат на Листата на интерни предмети, објавени во Прилог I кон Конкурсот. Доколку ученикот има полагано повеќе интерни предмети, тогаш се пресметуваат поени за оној интерен предмет што се наоѓа на листата и за којшто ученикот добил највисока оценка.

**За проектна задача** – Оценката добиена на проектната задача се множи со коефициент 0,8. По оваа основа може да се добијат најмногу 4 поени.

**4.2 За кандидатите кои го завршиле четиригодишното средно образование и положиле државна матура во учебната 2020/2021 или 2021/22 година**

Општиот успех по сите предмети во средното образование учествува со 60%, а успехот постигнат на државната матура со 40% од вкупниот број на поени, којшто може да изнесува најмногу 100 поени.

**Бодирањето на општиот успех од средното образование** се врши така што се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа можат да се добијат најмногу 60 поени.

**Бодирањето на успехот постигнат на државната матура** се врши на следниов начин: екстерните предмети, во зависност од постигнатиот успех при нивното полагање, ќе се бодираат најмногу со по 12 поени, интерните предмети, во зависност од постигнатиот успех при полагањето, најмногу со по 6 поени, а проектната задача, во зависност од постигнатиот успех, најмногу со 4 поени. Вкупниот успех од државната матура може да донесе најмногу 40 поени (24 поени од двата екстерни предмети, 12 поени од двата интерни предмети и 4 поени од проектната задача).

**Бодирањето на двата екстерни предмети** се врши така што оценката од секој екстерен предмет се собира со вредноста на перцентилниот ранг поделен со 20. Така добиениот збир се множи со коефициент 1,2 за соодветните предмети за студиската програма или со коефициент 0,9 за несоодветните предмети за студиската програма. Добиените поени од двата екстерни предмети се собираат и по оваа основа може да се добијат најмногу 24 поени.

За соодветни предмети се сметаат само екстерните предмети што се наоѓаат на Листата на екстерни предмети, објавени во Прилог I кон Конкурсот.

**Бодирањето на двата интерни предмети** се врши така што оценката од секој интерен предмет се множи со коефициент 1,2 (за соодветен предмет за студиската програма) при што може да се освои најмногу 6 поени или со коефициент 0,8 (за несоодветен предмет за студиската програма), при што може да освои најмногу 4 поени. Добиените поени од двата интерни предмети се собираат и по оваа основа може да се добијат најмногу 12 поени. За соодветни предмети се сметаат само интерните предмети што се наоѓаат на Листата на интерни предмети, објавени во Прилог I кон Конкурсот. Доколку ученикот има полагано повеќе интерни предмети, тогаш се пресметуваат поени за оној интерен предмет што се наоѓа на листата и за којшто ученикот добил највисока оценка.

**За проектна задача** – Оценката добиена на проектната задача се множи со коефициент 0,8. По оваа основа може да се добијат најмногу 4 поени.

**4.3. За кандидатите кои го завршиле четиригодишното средно образование и положиле државна матура во учебната 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019 година**:

Општиот успех по сите предмети во средното образование учествува со **60%**, а успехот постигнат на државната матура со **40%** од вкупниот број на поени, којшто може да изнесува најмногу **100** поени.

**Бодирањето на општиот успех од средното образование** се врши така што се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа можат да се добијат најмногу 60 поени.

**Бодирањето на успехот постигнат на државната матура** се врши на следниов начин: екстерните предмети во зависност од постигнатиот успех при нивното полагање ќе се бодираат најмногу со по 10 поени, интерниот предмет во зависност од постигнатиот успех при полагањето најмногу со 6 поени, а проектната задача во зависност од постигнатиот успех најмногу со 4 поени. Вкупниот успех од државната матура може да донесе најмногу 40 поени (30 поени од трите екстерни предмети, 6 поени од интерниот предмет и 4 поени од проектната задача).

**Бодирањето на екстерните предмети** се врши само на оние екстерни предмети што се наоѓаат на Листата на екстерни предмети, објавени во Прилог II кон Конкурсот. Пресметувањето на поените од положените екстерни предмети се врши така што оценките од екстерните предмети се собираат со вредноста на перцентилниот ранг поделен со 20. Добиените поени од трите екстерни предмети се собираат и по оваа основа може да се добијат најмногу 30 поени.

**Бодирањето на интерниот предмет** се врши така што оценката што ученикот ја добил за полагање на интерниот предмет се множи со коефициент 1,2 при што може да се освои најмногу 6 поени. Интерниот предмет се бодира само доколку е на Листата на интерни предмети, објавена во Прилог II кон Конкурсот. Доколку ученикот има полагано повеќе интерни предмети, тогаш се пресметуваат поени за оној интерен предмет што се наоѓа на листата и за којшто ученикот добил највисока оценка.

Оценката што ја добил ученикот за **проектната задача** се множи со коефициент 0,8 и за неа може да се добијат најмногу 4 поени.

**4.4. За кандидатите кои полагале државна матура од учебната 2007/08 до учебната 2012/2013 година**

Општиот успех по сите предмети во средното образование учествува со **60%**, а успехот постигнат на државната матура со **40%** од вкупниот број на поени, којшто може да изнесува најмногу **100** поени.

**Бодирањето на општиот успехот од средното образование** се врши така што се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа можат да се добијат најмногу 60 поени.

**Бодирањето на успехот постигнат на државната матура** се врши на следниов начин: екстерните предмети во зависност од постигнатиот успех при нивното полагање ќе се бодираат најмногу со по 10 поени, интерните предмети во зависност од постигнатиот успех

при нивното полагање најмногу со 8 поени, а проектната задача во зависност од постигнатиот успех најмногу со 4 поени. Вкупниот успех од државната матура може да донесе најмногу 40 поени (20 поени од двата екстерни предмети, 16 поени од двата интерни предмети и 4 поени од проектната задача).

**Бодирањето на екстерните предмети** се врши само на оние екстерни предмети што се наоѓаат на Листата на екстерни предмети, објавена во Прилог II кон Конкурсот. Пресметувањето на поените од положените екстерни предмети се врши така што оценките од екстерните предмети се собираат со вредноста на перцентилниот ранг поделен со 20. Добиените поени од двата екстерни предмети се собираат и по оваа основа може да се добијат најмногу 20 поени.

**Бодирањето на интерните предмети** се врши така што оценките што ученикот ги добил за полагање на интерни предмети се множат со коефициент 1,6 и за секој интерен предмет може да се освојат најмногу 8 поени. Добиените поени за положените интерни предмети се собираат. Интерните предмети се бодираат само доколку се на Листата на интерни предмети, објавена во Прилог II кон Конкурсот. Доколку ученикот има полагано повеќе интерни предмети, тогаш се земаат двата предмети кои се наоѓаат на листата и за коишто ученикот добил највисоки оценки.

Оценката што ја добил ученикот за **проектната задача** се множи со коефициент 0,8 и за неа може да се добијат најмногу 4 поени.

### 4.5. За кандидатите што положиле меѓународна матура и кандидати од приватните средни училишта во РСМ

**При бодирањето на кандидатите кои што положиле меѓународна матура** општиот успех по сите предмети во средното образование учествува со **60%**, а успехот постигнат на меѓународната матура со **40%** од вкупниот број на поени, којшто може да изнесува најмногу **100** поени.

**Бодирањето на општиот успех од средното образование на кандидатите што положиле меѓународна матура** се врши така што се собираат сите оценки внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со коефициент 12, така што производот може да изнесува најмногу 60 поени.

**Бодирањето на успехот постигнат на меѓународната матур**а се врши на следниов начин: секоја оценка од шесте екстерни предмети кои се полагаат на меѓународната матура се множи со коефициент 1,2. Вака добиените производи се собираат. По оваа основа можат да се добијат најмногу 36 поени. Оценката добиена на матурската тема се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу 4 поени. Вкупниот успех од меѓународната матура може да донесе најмногу 40 поени.

**Кандидатите кои завршиле средно образование во приватните средни училишта во РСМ** каде што се полага државна матура се запишуваат под истите услови и критериуми како и кандидатите со завршено средно образование во Република Северна Македонија согласно погоре наведените точки од 4.1 до 4.4.

### 4.6. За кандидатите кои завршиле четиригодишни средното образование пред учебната 2007/2008 и во учебната 2019/2020 година) и не полагале државна матура

Основен услов и критериум за запишување е општиот среден успех и успехот од 4 предмети: мајчин јазик и странски јазик и 2 предмети определени од единиците како значајни за студирањето на таа високообразовна единица, Прилог III. Во вкупниот број поени, средниот успех од средното образование учествува со **60** поени, а средниот успех од 2 предмети

значајни за студирањето на високообразовната единица и средниот успех од предметите мајчин и странски јазик учествува со **40** поени.

**Средниот успех од средното образование** се вреднува со собирање на сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценки и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа можат да се добијат најмногу 60 поени.

**Вреднувањето на успехот од четирите предмети** (два предмети значајни за студирањето на високообразовната установа и предметите мајчин јазик и странски јазик) се врши на следниов начин: се пресметува средна оценка за секој од четирите предмети и добиените средни оценки за секој предмет пооделно се множат со 2. Овие производи се собираат при што, по оваа основа, за секој предмет може да се добијат најмногу 10 поени, односно вкупно најмногу 40 поени.

## III. Селекција на кандидатите

1. За реализација на Конкурсот за запишување, наставно-научните совети формираат Конкурсна комисија на секој факултет одделно.
2. За следење на реализацијата на Конкурсот, Ректорската управа формира Универзитетска конкурсна комисија. Универзитетската конкурсна комисија ја следи реализацијата на Конкурсот на факултетите, се грижи за доследно почитување на одредбите во Конкурсот, дава упатства и мислења во текот на неговото спроведување.
3. Рангирањето на кандидатите го вршат Конкурсните комисии на одделните факултети.
4. Конкурсната комисија, на огласна табла на Универзитетот објавува прелиминарна ранг-листа со поените од средното образование (среден успех).
5. По објавувањето на прелиминарната ранг листа на кандидатите за запишување од страна на конкурсната комисија, кандидатот има право на приговор во рок од 24 часа. Во спротивно, го губи правото на приговор во натамошната постапка во поглед на објавените резултати. Приговорот се однесува само на технички пропусти - грешки направени при пресметувањето на бодовите и се упатува до Универзитетската конкурсна комисија. Решението на Универзитетската конкурсна комисија по приговорот е конечно. Одлуките по приговорите се објавуваат на огласната табла.

   По истекот на роковите за поднесување приговори и за нивно решавање, Универзитетската конкурсна комисија донесува и објавува решение за прием на студенти (конечна ранг листа) врз основа на што се врши запишување на студенти.

   Решението за прием на студенти (конечната ранг-листа), истовремено се доставува и до Ректоратот на Универзитетот.
6. Факултетите на кои по завршувањето на првиот уписен рок ќе останат непополнети места, вршат запишување во втор и во трет уписен рок.

## IV. Запишување на студенти во државна квота

1. Студентите во државната квота се запишуваат со плаќање надомест во износ од **200 евра** годишно во денарска противредност, според средниот курс на НБРМ.
2. Надоместокот за студирање на студентите од претходниот став, за секоја студиска програма одделно, е составен дел на овој Конкурс и плаќањето на надоместокот се врши во две еднакви рати.
3. Надоместокот од став 1 на оваа точка студентите го поднесуваат во текот на целокупното студирање.
4. Доколку во првиот уписен рок при рангирањето на крајот на листата на примените кандидати има повеќе кандидати со еднаков број поени (најмногу пет кандидати) се запишуваат сите вакви кандидати. Ако пак бројот на ваквите кандидати е поголем од 5 тогаш овие кандидати се рангираат според дополнителни критериуми: соодветноста на изработената проектна задача при полагањето на државната матура, освоени награди на републички и меѓународни натпревари, членови на

спортски репрезентации на РМ, добиени сертификати за познавање на странски јазици на повисоко ниво и сл.

5. Припадниците на безбедносните сили и други категории на лица утврдени со Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства, како и лицата утврдени со одредбата од член 23 од истиот закон („Службен весник на Република Македонија„ бр. 2/02, 17/03, 30/04, 66/07 и 53/21), како и со Законот за посебните права на учесниците во мирновните операции и операции за колективна одбрана надвор од територијата на Република Македонија и на членовите на нивните семесјтва („Службен весник" бр. 67/09), во учебната 2024/2025 година ќе се запишуваат надвор од државната квота без поднесување трошоци на студирање, под услови за запишување утврдени во овој конкурс, а нивниот број може да изнесува најмногу до 10% од вкупниот број студенти на студиска програма.
   Правото од претходниот став кандидатите го остваруваат при пријавувањето со документи од Министерството за одбрана или Министерството за внатрешни работи. Дополнително доставување документ за кандидатите кои се запишуваат во прва година не се зема предвид.

6. Единиците на Универзитетот "Св. Апостол Павле" Охрид, нема да наплаќаат надоместок (партиципација) за:
   - лица кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители, најмногу до 26-годишна возраст, доколку се невработени (се докажува со потврда од надлежен центар за социјална работа);
   - лица со инвалидност, согласно уредбата која ја донесува Владата (се докажува со наод и мислење на Службата за функционална проценка при ЈЗУ Здравствен дом Скопје и со Решение од Центарот за социјална работа за видот и степенот на попреченоста);
   - родител на дете до 6 годишна возраст, доколку е невработен (се докажува со извод од матична книга за детето и потврда за евидентирано невработено лице)
   - воени инвалиди (се докажува со решение од Министерство за труд и социјална политика – Управа за прашања на борците и воените инвалиди)
   - лица растени во домови за напуштени деца доколку се невработении
   - други лица утврдени со уредбата на Владата.

Овие кандидати се запишуваат надвор од квотата, најмногу до 10% од вкупниот број редовни студенти на соодветниот факултет утврден во конкурсот.

Средствата за партиципација на овие лица ќе се покриваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

## V. Запишување студенти со кофинансирање на студии/школарина

1. На факултетите, како редовни студенти се запишуваат и кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување, а поради ограничените квоти не можат да се запишат во категоријата студенти финансирани од државата. Запишувањето во оваа категорија студенти се врши со претходно поднесена изјава од страна на кандидатите дека се согласуваат во текот на целокупното студирање да ги кофинансираат студиите.

2. Студентите кои се запишуваат во оваа категорија износот од 400 евра годишно го плаќаат во денарска противвредност според средниот курс на НБРМ на денот на плаќањето во најмалку две еднакви рати.

3. Надоместокот од претходниот став на оваа точка, студентите го поднесуваат во текот на целокупното студирање.

4. Факултетот објавува ранг листа на кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување во оваа категорија.

5. Листата на примените кандидати во оваа категорија ја утврдува конкурсната комисија врз основа на ранг листата и поднесените изјави за согласност за запишување во оваа категорија.
6. Студентите со кофинансирање при запишувањето склучуваат договор со универзитетот за меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно-образовниот процес.

## VI. Запишување вонредни студенти

1. На студиските програми утврдени во конкурсот, како вонредни студенти може да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и се вработени, како и кандидати кои од оправдани причини не се во можност да се запишат како редовни студенти.

   За оправдани причини од претходниот став се сметаат:

   - инвалид кој не е во состојба да ја посетува настава,
   - потешка долготрајна болест, која оневозможува редовно следење на наставата подолго од еден семестар;
   - родител на дете додека трае породилното отсуство.

2. Вонредните студенти се запишуваат според исти услови и критериуми како и редовните студенти, а се рангираат на посебна ранг-листа.
3. Студентите што се запишуваат во оваа категорија, износот од 400 евра годишно го плаќаат во денарска противвредност според среден курс на Народна банка на РМ на денот на плаќањето, во најмалку две еднакви рати.
4. Надоместокот од претходниот став на оваа точка, студентите го поднесуваат во текот на целокупното студирање.
5. При пријавувањето за запишување како вонредни студенти, кандидатите поднесуваат образец М1/М2 нотарски заверен или лекарско уверение за причините наведени во точка 1 став 2. (издадено од соодветна здравствена установа), доказ дека е родител на дете за кое сеуште трае правото на породилно отсуство.

## VII. Кандидати со завршено средно образование во странство

**а) Странски државјани**

1. Странски државјани се запишуваат надвор од квотите утврдени во конкурсот.
2. Селекцијата на странските државјани кои се пријавуваат за студирање на Универзитетот се врши врз основа на соодветноста на претходно завршено средно образование и постигнатиот успех од средно образование.
3. При пријавувањето кандидатите наведуваат на кој факултет, односно студиска програма сакаат да студираат, дали се стипендисти на својата влада или самостојно ги поднесуваат трошоците на студирањето. Со пријавата поднесуваат нострифицирано свидетелство за завршено средно образование или копија од потврдата издадена од Министерството за образвание и наука за започнување на постапката за нострификација, заверен превод на изводот од матичната книга на родените, копија од патна исправа, уверение за здравствената состојба издадено од соодветна здравствена станица, како и потврда за направен ХИВ тест, тест за хепатит Ц и сертификат за познавање на Англиски Јазик.
4. Школарината за странските државјани во учебната 2024/2025 година изнесува 750 евра по семестар односно 1 500 евра годишно, во денарска противвредност според средниот курс на НБРМ на денот на плаќањето, доколку поинаку не е уредено со договор за меѓу универзитетска соработка.

**б) Иселеници и државјани на РМ со завршено целокупно средно образование и со дел од средното образование во странство**

1. Кандидатите чии родители за наши иселеници и кандидатите државјани на РМ кои целокупното средно образование или дел од средното образование го завршиле во странство се запишуваат под истите услови и критериуми како и кандидатите со завршено средно образование во Република Македонија, со тоа што покрај другите документи поднесуваат и нострифицирани свидетелства за делот од средното образование завршено во странство.

   Селекцијата на кандидатите од точка 1 на Универзитетот ќе се врши врз основа на успех од средно образование, врз основа на нострифицирани сведителства и извршена еквиваленција на оценки.

## VIII. Дополнителни квоти утврдени од Владата на Република Северна Македонија

**1.** Согласно Одлуката за дополнителни квоти за запишување на студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во РСМ во прва година-прв циклус на јавните високообразовни установи Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски” - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитет „Гоце Делчев” Штип , Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза” – Скопје во учебната 2024/2025 година, бр. 41-6058/4 од 27.06.2023 година („Службен весник на РСМ” бр. 139/2023), за обезбедување правична и соодветна застапеност на студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, во учебната 2024/2025 година, дополнително ќе запишат студенти припадници на овие заедници, чиј број не смее да е повисок од 10% од вкупниот број на студенти кои се запишуваат во прва година - прв циклус на студии на ниво на факултет. При тоа, во рамките на овој процент, соодветно да бидат застапени припадниците на сите заедници до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население на Република Северна Македонија.

На Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, на студиските програми кои се застапени и на Државниот универзитетот во Тетово и на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, припадниците на албанската заедница може да се запишуваат само во редовни квоти.

Процентот на студентите-припадници на овие заедници, заедно во државната и во дополнителната квота, треба да биде до процентот на застапеност на соодветната заедница во вкупното население на РСМ.

## IX. Рокови за пријавување, рангирање според успехот од средно образование и запишување

| | Прв рок | Втор рок | Трет рок |
|---|---|---|---|
| **пријавување на кандидатите** | 02.09.2024, 03.09.2024 и 04.09.2024 | 16.09.2024 и 17.09.2024 | 27.09.2024 |
| **објавување резултати од успехот (прелиминарна ранг листа)** | 06.09.2024 | 19.09.2024 | 02.10.2024 |
| **објавување решение за прием на кандидатите (конечна ранг листа)** | 10.09.2024 | 20.09.2024 | 03.10.2024 |
| **запишување на кандидатите** | 11.09.2024 и 12.09.2024 | 23.09.2024 | 04.10.2024 |

**Забелешка:**
По реализацијата на првиот уписен рок, за непополнетите места на факултетите, односно студиските програми, Универзитетот ќе објави дополнителен конкурс за запишување во вториот и трет уписен рок во учебната 2024/2025 година. **На интернет страницата на Универзитетот ќе биде објавен бројот на слободни места за запишување во следните уписни рокови во учебната 2024/2025 година.**

**Пред пријавувањето** во роковите утврдени со Конкурсот, секој заинтересиран кандидат треба да се регистрира електронски со испраќање пријава на електронска пошта (e-mail) на следната електронска адреса upisi@uist.edu.mk

Во предмет (Subject) на електронската пошта, кандидатите наведуваат „Пријава за запишување на прв циклус студии на кандидатот (име и презиме)“, а во електронската пошта треба да ги наведат факултетот и студиската програма на која сакаат да се запишат.

Кандидатите кои поради технички или друг вид проблем не можат да ја испратат пријавата по електронски пат, може да се обратат во Одделението за студентски прашања и ЕКТС на Универзитетот, на следниве е-маил адреса elena.naumova@uist.edu.mk / jasmina.andonoska@uist.edu.mk или на телефонскиот број 046/511-000/локал 112.

**Пријавувањето во роковите утврдени со Конкурсот се врши во службата за студентски прашања.**

**При пријавувањето** за запишување на факултетите кандидатите ги поднесуваат следниве документи:

1. Пријава за запишување (образец кој ќе биде достапен на веб страната на Универзитетот www.uist.edu.mk);
2. Оригинални свидетелства од сите класови;
3. Документ за положена државна, меѓународна или училишна матура; ( Оригинално сведителство за завршено средно образование)
4. Извод од матичната книга на родените (оригинал);
5. Доказ за државјанство на РСМ (уверение или решение - оригинал);
6. Потврда за уплата:
   - 500 денари на жиро-сметката на Универзитетот за пријава за упис согласно ценовникот на УИНТ, и уплата за административна такса од 50,00 денари.

Кандидатите кои конкурираат за запишување како вонредни студенти, ги поднесуваат, освен горенаведените, и документите наведени во глава VI точка 5.

**Составен дел на Конкурсот се:**

**<u>Прилог I Табела 1 : Листа на екстерни и интерни предмети</u>**

- **за кандидатите кои полагале државна матура од учебна 2020/2021 до учебната 2023/2024 година**

**<u>Прилог II Табела 2 : Листа на екстерни и интерни предмети</u>**

- **за кандидатите кои полагале државна матура во учебна 2018/2019; 2017/2018, 2016/2017, 2015/2016, 2014/2015 и учебна 2013/2014 и**
- **<u>за кандидатите кои полагале државна матура заклучно од учебна 2007/2008 до учебната 2012/2013 година</u>**

**<u>Прилог III Табела 3</u>:**

**Предмети кои се бодираат при вреднувањето на успехот од средно образование за кандидатите кои средното образование го завршиле во учебната 2019/2020 година или пред учебната 2007/2008 година и не полагале државна матура**

Конкурсот е објавен на интернет страната на
Универзитетот за информатички науки и технологии
“Св. Апостол Павле”, Охрид
**www.uist.edu.mk**

**Прилог I**

**Листа на екстерни и интерни предмети од државната матура соодветни за пријавување за запишување на студиските програми на Универзитетот за Информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид за кандидатите што полагале државна матура од учебна 2020/2021 до учебна 2023/2024 година**

1. За сите кандидати **задолжителен екстерен испит** е предметот: **македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература**.
2. Изборен екстерен испит се смета предмет наведен во Табела 1:
3. За интерни испити се бираат два предмети од наведените во Табела 1.

**Табела 1**:

<table>
<tr><td colspan="3">УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ<br>„СВ. АПОСТОЛ ПАВЛЕ“, ОХРИД</td></tr>
<tr><td>ФАКУЛТЕТИ/ студиски програми</td><td>Изборни екстерни предмети</td><td>Интерни предмети</td></tr>
<tr><td>ФАКУЛТЕТ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ И ИНЖЕНЕРСТВО<br><br>ФАКУЛТЕТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И БЕЗБЕДНОСТ<br><br>ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИМЕНЕТИ ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ, МАШИНСКА ИНТЕЛЕГЕНЦИЈА И РОБОТИКА<br><br>ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ, ВИЗУЕЛИЗАЦИЈА, МУЛТИМЕДИЈА И АНИМАЦИЈА<br><br>ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ НАУКИ</td><td>• Математика<br>• Англиски јазик</td><td>За Гимназија:<br>• физика, информатика или странски јазик (најмалку еден, а може и два предмета)<br>• еден предмет по избор на кандидатот (еден од гореспоменатите предмети или некој друг сосема различен предмет)<br>За средно стручно образование:<br>• физика, информатика или странски јазик (најмалку еден, а може и два предмета)<br>• еден стручен предмет според образовниот профил, по избор на Кандидатот (еден од гореспоменатите предмети или некој друг сосема поразличен предмет)</td></tr>
</table>

**Прилог II**

**Листа на екстерни предмети и интерен предмет од државната матура соодветни за пријавување зазапишување на студиските програми Универзитетот за Информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид за кандидатите што полагале државна матура од учебната 2013/2014 до учебната 2018/2019 година и од учебна 2007/2008 до учебна 2012/2013**

1. За сите кандидати **задолжителен екстерен испит** е предметот: **македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература**.
2. Изборен екстерен испит се смета предмет наведен во **Табела 2.**
3. За интерни испити се бираат еден или два предмети, соодветно наведено во **Табела 2.**

**Табела 2:**

| **УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „СВ. АПОСТОЛ ПАВЛЕ“, ОХРИД** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ФАКУЛТЕТИ** | **Екстерни изборни предмети** | | **Интерни предмети** | |
| | **За кандидатите кои полагале државна матура во учебна 2018/2019, 2017/2018, 2016/2017, 2015/2016, 2014/2015 и 2013/2014** (3 предмети) | **За кандидатите кои полагале државна матура од учебна 2007/2008 до учебна 2012/2013** (2 предмети) | **За кандидатите кои полагале државна матура во учебна 2018/2019, 2017/2018, 2016/2017, 2015/2016, 2014/2015 и 2013/2014** (1 предмет) | **За кандидатите кои полагале државна матура од учебна 2007/2008 до учебна 2012/2013** (2 предмети) |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ И ИНЖЕНЕРСТВО**<br><br>**ФАКУЛТЕТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И БЕЗБЕДНОСТ**<br><br>**ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИМЕНЕТИ ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ, МАШИНСКА ИНТЕЛЕГЕНЦИЈА И РОБОТИКА**<br><br>**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ, ВИЗУЕЛИЗАЦИЈА,** | Еден од предметите математика или англиски јазик, вториот и третиот екстерен предмет по избор на кандидатот | Еден од предметите математика или англиски јазик, другиот екстерен предмет по избор на кандидатот | Без ограничувања | **За гимназија:**<br>• Физика, информатика или англиски јазик (најмалку еден, а може и два предмети)<br>• Еден предмет по избор на кандидатот (еден од горе споменатите предмети или некој друг сосема различен предмет)<br><br>**За средно стручно образование:**<br>• Физика, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **МУЛТИМЕДИЈА И АНИМАЦИЈА**<br><br>**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ НАУКИ** | | | | информатика или англиски јазик (најмалку еден, а може и два предмети)<br>• Еден стручен предмет според образованиот профил по избор на кандидитот (еден од гореспоменатите предмети или некој друг сосема различен предмет) |

**Прилог III**

**Предмети кои се бодираат при вреднувањето на успехот од средно образование за кандидатите кои средното образование го завршиле во учебната 2019/2020 година или пред учебната 2007/2008 година и не полагале државна матура**

**Табела 3:**

| **УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „СВ. АПОСТОЛ ПАВЛЕ“, ОХРИД** | | |
|---|---|---|
| **ФАКУЛТЕТИ** | **Прв предмет** | **Втор предмет** |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ И ИНЖЕНЕРСТВО**<br><br>**ФАКУЛТЕТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И БЕЗБЕДНОСТ**<br><br>**ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИМЕНЕТИ ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ, МАШИНСКА ИНТЕЛЕГЕНЦИЈА И РОБОТИКА**<br><br>**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ, ВИЗУЕЛИЗАЦИЈА, МУЛТИМЕДИЈА И АНИМАЦИЈА**<br><br>**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ НАУКИ** | Математика | Информатика, англиски јазик, физика (по избор на кандидатите) |